ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ЗАЕДНИЧКАТА МИСИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Нашата мисија

Ние вработените во јавниот сектор, работиме со избраната власт во спроведување на визијата за просперитетна, независна, суверена и безбедна Република Македонија.

Придонесуваме за одржување на правдата и еднаквоста, водејќи се од начелата на законитост, стручност, компетентност, сервисна ориентираност, професионална етика, непристрасност, објективност, транспарентност, доверливост, одговорност и економично работење.

Нашата цел

Да изградиме одговорно општеството и создадеме најдобри можни услови за одржлив човечки, социјален и економски развој.

Да промовираме кохезија и хармонија во општеството - взаемно почитување, еднаквост и грижа за луѓето и општеството во целина.

Нашите клиенти

На граѓаните и на другите субјекти им обезбедуваме квалитетни, навремени и ефикасни услуги. Кон нив се однесуваме чесно, љубезно, пристојно, со должна почит и разбирање, обезбедувајќи фер однос.

Правиме сè за да им помогнеме на нашите клиенти во остварувањето на нивните права и интереси, истовремено водејќи грижа за јавниот интерес.

Нашите колеги

Ги почитуваме нашите колеги и соработници. Работиме на развој на заеднички потенцијал преку постојано стручно усовршување со што ги подобруваме знаењето, компетенциите и личните капацитети.

Промовираме добри меѓучовечки односи, работиме тимски, прифаќаме различности по каква било основа.

Поттикнуваме соработка и професионален развој преку заемно споделување на искуството и наученото.

Нашите верувања

Градиме доверба во институциите на системот преку целосна посветеност на нашите проекти и обезбедување на врвни услуги за нашите клиенти.

Промените ги прифаќаме како предизвик, верувајќи дека водат кон остварување на развојните цели на општеството.

Со нашето однесување и работење, придонесуваме кон создавање на институции кои се стремат кон одличност.

Преку учење од сопствените грешки и постапките на други постојано се подобруваме во своето работење.

Водени од нашите лидери и отворени за нови идеи и достигнувања во работењето, го трасираме патот кон стабилен напредок и просперитетно општество.

_____година

Име и презиме на
административниот службеник

_____